РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено Барање мислење во однос на тоа дали директор на основно училиште може да биде и член на надзорен одбор во друштво кое во доминантна сопственост на државата, односно дали во конкретниот случај постои состојба на судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), го издава следното

## МИСЛЕЊЕ

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите во членот 49 став 1 се дефинира забраната за вршење на други дејности, и тоа:

(4) **Избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатиа, агенции, фондови и сите дуги правни лица со доминантен државен капитал**.

Оттука произлегува дека одговорно лице- директор во јавно претпријатие, односно јавна установа, **не може** истовремено да биде директор и член на надзорен одбор во друштво кое во доминантна сопственост на државата.

Ваквата состојба е спротивна на член 49 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите и со истата се предизвикува состојба на судир на интереси.

За повеќе информации, Ве упатуваме на соопштението на ДКСК, објавено на следниот линк: https://dksk.mk/соопштение-7/.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk